Од ННСГ за историја при Филозофскиот факултет во Скопје во работата на сесијата со свои соопштенија учествуваа м-р Кочо Сидовски „Бандуншката конференција — претходница на неврзаното движење“; м-р Маргарита Ристеска — Пешевска „Неврзаноста — фактор на мирот во светот“ и студентите Фазли Камуран „Неврзаното движење како вонблоковски правец“; Димитриова Силвана „Југославија и претседателот Тито — основачи на неврзаното движење во светот“; Николов Миланчо „Неврзаните земји и затегнатоста во светот“; Јорданковска Светлана и студентката на Интердисциплинарните студии по новинарство Мишевска Лидија „Историските корени на неврзувањето“ и Иванова Јадранка „Првата конференција на неврзаните во Белград“.

Кочо СИДОВСКИ

## XIV ЗАСЕДАНИЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКО-ЧЕХОСЛОВАЧКАТА ИСТОРИСКА КОМИСИЈА (одржана во Стубичке Топлице, од 30. IX до 4. X 1980 год.)

Работата на XIV заседание на оваа Комисија се одвиваше според следниов редослед:

На 29. IX попладне се утврди дефинитивната програма на XIV заседание (измени и дополнувања).

На 30. IX почна **Научниот собир на тема: Економските, општествените и политичките прилики во Југославија и Чехословачка од 1918 до 1929 година.**

Со уводните и поздравните говори на претседателите на југословенската и чехословачката секција на Комисијата, д-р Никола Петровиќ и д-р Владислав Штјасигни, како и на претседателот на Организациониот одбор, д-р Хрвоје Матковиќ, се изврши отворањето на работата на XIV седница на Комисијата и на нејзиниот Научен собир.

Потоа, со пригодно кратко излагање беше промовиран зборникот „Минхенскиот договор, југословенските и чехословачките народи“, којшто го издадоа: Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија (СДИМ), Југословенско-Чехословачката историска комисија, Катедрата по историја на Филозофскиот факултет во Скопје и Институтот за национална историја. Во зборникот се објавени рефератите од истоимениот Научен собир, одржан во 1978 година во Скопје. При промовирањето на зборникот претставникот на СДИМ, д-р Ристо Поплазаров, го истакна големото научно значење на оваа обемна книга, која е труд на истакнати специјалисти-историчари од СФРЈ и ЧССР. Споменатите претседатели им изразија благодарност и пофалност на македонските колеги и на факторите кои учествуваа во издавањето на зборникот. Д-р Хрвоје Матковиќ, покрај пофалните зборови, изјави дека Сојузот на историчарите на Хрватска ќе го следи примерот на македонските колеги во издавањето на рефератите од XIV заседание.

Во продолжение се одржаа 4 седници на Научниот собир, со

кои раководеше претседателството, составено од историчари од сите републики на СФРЈ и ЧССР. Со реферати настапија следните историчари: д-р Јосеф Харна, реферираше за создавањето и развојот на политичкиот систем во Чехословачка од 1918—1929, д-р Бранислав Глигоријевиќ зборуваше за улогата на монархијата во Кралството на СХС, д-р Франце Кресал за социјално-економската проблематика во Словенија, д-р Павле Храдечни за внатрешно-политичките аспекти на надворешните односи на ЧСР од 1925—1928 година, д-р Вук Виновер за несогласувањата меѓу кралството на СХС и ЧСР во рамките на Малата антанта, д-р Гордана Влајчиќ изнесе интересни работи за концепциите на Коминтерната за југословенската држава од 1919—1929 година, д-р Мирослав Кропилак за народносното прашање во буржоаска ЧСР во 20-те години на XX век, а д-р Томислав Краљачиќ за односот на Радикалната партија спрема националното прашање во Босна и Херцеговина.

Вториот ден беа прочитани следните реферати: д-р Карел Херман зборуваше за влијанието на револуционерното работничко движење во формирањето на политичкиот систем во ЧСР, д-р Десанка Пешиќ за односот на КПЈ спрема националното прашање во кралството СХС, д-р Раде Петровиќ за Иво Војновиќ во Југословенско-чехословачките културни врски, д-р Ристо Поплазаров за економската и општествено-политичката положба на Македонците во Егејска Македонија од 1918 до 1929 година, д-р Хрвоје Матковиќ за некои карактеристики на економскиот, општествениот и политичкиот живот на Хрватите во кралството на СХС, д-р Мира Копар-Димитријевиќ за врските меѓу Чесите и Словаците и Хрватите во врска со обновувањето на земјата и изградувањето на социјалната политика во 1918—1929 година, д-р Орде Ивановски за македонското прашање и КПЈ, а д-р Лилјана Алексиќ изнесе некои нови дипломатски документи за создавањето на Малата антанта.

По секоја седница се водеше мошне плодна дискусија, на која беа изнесувани интересни податоци, согледувања и срамнувања за разни прашања од историјата на Југославија и Чехословачка во периодот 1918—1929 година. Во рефератите и дискусијата беа разгледувани бројни прашања коишто беа проучувани компаративно. Научниот собир му посвети значајно внимание на работничкото и комунистичкото движење. За тоа, како и за националното и малцинското прашање, беа изнесени многу нови работи.

Рефератите и дискусиите (30 дискутанти) беа на високо научно ниво. Беа изнесени и спротивни мислења, но размената на мислења се правеше мошне толерантно и во пријателски дух. Целосно земено собирот на споменатата проблематика претставува мошне значајна и успешна научна манифестација на југословенските и чехословачките историчари, кои се занимаваат со овој период. Тој даде значаен прилог во проучувањето на разни прашања од историјата на југословенските и чехо словачките народи во овој период.

По завршувањето на Научниот собир Комисијата на своите седници разгледа над 15 научно-орга-

низациони прашања, поврзани со нејзината досегашна и идна работа во врска со научната соработка меѓу историчарите од СФРЈ и ЧССР. На крајот од нејзината работа беше потпишан официјален протокол. Во него позитивно е оценет споменатиот Научен собир и е потпишано признанието за издавање на зборникот на Минхенскиот договор. Од овој протокол произлегуваат повеќе задачи за Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија и за неговиот делегиран член во оваа Комисија. Комисијата реши следната, XV нејзина седница да се одржи во Словачка, а темата на нејзиниот Научен собир да гласи: „Југославија и Чехословачка од 1929 година до распаѓањето на нивните буржоаски економски и општествено-политички системи (во 1939, односно 1941 год.)".

Целокупната работа на XIV заседание на Југословенско-чехословачката историска комисија се развиваше на високо научно ниво и во пријателска атмосфера, за која се заслужни хрватските колеги. Таа даде значаен прилог во научната соработка не само меѓу историчарите туку меѓу обете земји воопшто.

Ристо ПОПЛАЗАРОВ

## 35 ГОДИНИ НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Почетокот на слободната македонска просвета започнува од есента на 1945 година, кога на првата слободна територија се отвориле десетина основни училишта. Меѓутоа, масовната македонска просвета на македонски јазик почнува по ослободувањето на Македонија во 1944 година, како голема придобивка на НОВ.

Со решението број 9 од 3. XI 1944 година, Президиумот на АСНОМ предвидел отворање на 9 гимназии, помеѓу кои се наоѓа и велешката гимназија. Неколку дена по ослободувањето на Велес (9. XI 1944 година), во врска со горното решение, група просветни работници, меѓу кои: Златка Ангелова, Тодор Андонов, Пенка Менкациева и други, стапиле во врска со Градскиот народен одбор со предлог да се отпочнат подготовките за изведување настава на македонски јазик и во гимназијата.

Бидејќи до последниот ден на ослободувањето во зградата се наоѓаа окупаторските војски, зградата, како и училишниот имот, беа уништени. За таа цел беше направен мал ремонт на зградата, а архивата што останала неоштетена, беше средена.

Во текот на месец декември беше направен преглед на училишниот имот, а откако се утврди што недостасува, од најнеопходните наставни средства, беше предложено да се набават. Исто така беше извршен попис на училишната библиотека, а сите книги со несоодветна содржина беа отстранети.

Откако беа доста брзо извршени сите подготовки, се отпочна со уписот на учениците. Исти-